СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# С Т А Т У Т
# на Стопанската комора на Северна Македонија
## (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**(Пречистениот текст ги опфаќа: Статутот на Стопанската комора на Македонија, бр.07-1177/6 од 20.04.2011 година, Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија, бр. 02-1770/5 од 26.12.2019 година и бр. 02-256/3 од 01.03.2021 година, и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, бр. 02-598/3 од 29.04.2021 година)**

**С Т А Т У Т**
**на Стопанската комора на Северна Македонија**
**(пречистен текст[1])**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Стопанската комора на Северна Македонија (во натамошниот текст: Комора) е деловно-стручна асоцијација, која, согласно Законот за стопанските комори, ги усогласува, застапува и штити интересите на своите членови.

Во Комората членуваат физички лица - трговски поединци и правни лица, запишани во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица со седиште во Република Северна Македонија, кои вршат трговска дејност и други субјекти запишани во Регистарот со седиште во Република Северна Македонија, кои со својата дејност придонесуваат за унапредување на работењето на стопанството.

Член 2

Членувањето во Комората и истапувањето од неа е слободно и на доброволна основа.

Со Комората управуваат нејзините членови преку нивните претставници во здруженијата според дејности и другите облици на организирање и работење и преку избраните членови во органите на Комората.

Член 3

Комората е независна и самостојна организација, со својство на правно лице.

Комората е непрофитна организација. Доколку во работењето Комората оствари добивка по кој било основ согласно законот и овој статут, таа мора да биде употребена исклучиво за поддржување и остварување на целите и задачите заради кои е основана.

Називот на Комората гласи: Стопанска комора на Северна Македонија.

Во меѓународната комуникација Стопанската комора на Северна Македонија го користи називот: Economic Chamber of North Macedonia.

Седиштето на Комората е во Скопје, ул. Димитрие Чуповски бр. 13.

Член 4

Комората има печат со тркалезна форма и штембил во правоаголна форма, коишто ги содржат називот и седиштето на Комората. Комората има заштитен знак.

---

[1] Пречистениот текст ги опфаќа: Статутот на Стопанската комора на Македонија, бр.07-1177/6 од 20.04.2011 година, Одлуките за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија, бр. 02-1770/5 од 26.12.2019 година и бр. 02-256/3 од 01.03.2021 година, и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, бр. 02-598/3 од 29.04.2021 година.

## II. АКТИВНОСТИ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

Член 5

Комората се организира и работи заради унапредување на пазарното стопанство, претприемништвото и поттикнување на конкурентноста кај нејзините членови.

Во остварувањето на целите од став 1 на овој член, Комората ја насочува својата работа кон:

- застапување на заедничките интереси на членовите на Комората, подобрување на ефикасноста на работата и работењето на членовите и нивната организираност;
- искажување на интересите на членовите на Комората пред надлежните државни органи и институции, посебно во подготвувањето на стопанското законодавство, мерките и механизмите на стопанскиот систем и економската политика и утврдувањето на макроекономската и развојната политика, како и давање иницијативи за подготовки на законски и други прописи од областа на стопанството;
- обезбедување деловно-стручни услуги за потребите на членовите;
- давање стручни совети, информации и помош заради подобрување на резултатите на работењето на членовите на Комората, поттикнување на слободната бизнис-иницијатива, соработка и конкурентност;
- давање стручна помош на членовите на Комората во развојот на одделни дејности, усвојувањето на современи технологии и методи на работењето, поттикнување на истражувањата и развојот на техничко-технолошките достигнувања, унапредувањето на квалитетот и стандардите во производството и услугите сл.;
- делување на Комората, односно на облиците на организирање и работење во нејзините рамки како задолжително, неутрално место и форум за консултирање на бизнисот за сите прашања од интерес за стопанството;
- унапредување и промовирање на бизнис-климата во земјата на локално, регионално, национално и интернационално ниво;
- соработка со Владата, соодветните министерства и другите институции за сите прашања од интерес на стопанството или за одделни членови на Комората;
- усвојување и предлагање на усогласени мислења и ставови на членовите на Комората во врска со подобрувањето на условите за работење на стопанството;
- учество во утврдувањето на јавното мислење и политика за економските и системските прашања на локално, регионално и национално ниво;
- учество во меѓународните стопански институции, стопански комори и други асоцијации, во концепирањето и презентирањето на заедничките ставови по прашањата од меѓународен карактер, посебно економските прашања во рамките на Европската унија;
- поттикнување и развој на стопанската соработка со странство, со посебна насоченост кон промоцијата на стоките и услугите, економската пропаганда, организирањето саеми и изложби, стопански делегации, учество во равивањето на надворешно-трговските работи и сл.;
- застапување на интересите на членките на Комората преку учество на претставници на Комората во комисии, совети, работни групи и други работни тела на локално, регионално, национално и меѓународно ниво;

- застапување на интересите на членовите на Комората по прашања од економско-социјален карактер;
- организирање и поттикнување соодветни облици за континуирано функционално образование и иновација на знаењата на раководните кадри, како и на другите стручни кадри и професионална надградба на стекнатите знаења преку организирање стручно оспособување - обуки, семинари, работилници и други начини на едукација;
- утврдување и негување на добрите деловни обичаи, развивање на деловниот морал и утврдување правила на деловното однесување на членовите на Комората во меѓусебните односи и во односите кон трети лица и на пазарот;
- давање стручна помош преку Арбитражата или преку други алтернативни начини за решавање на меѓусебните спорови меѓу членовите на Комората и на споровите со трети лица;
- поддршка и давање препораки за членовите на Комората при воспоставувањето бизниси, особено со странство;
- вршење други работи од интерес за членовите на Комората согласно Законот и овој статут.

За остварување на дејноста на Комората од став 1 на овој член, Комората може да основа трговски друштва или други форми за вршење услуги на членовите на Комората, како и да ангажира научни и стручни организации и експерти.

Член 6

Комората врши одредени јавни овластувања, односно издава уверенија и други исправи што произлегуваат од овластувањата кои државата и` ги доверила со закон или акт на надлежен државен орган, со цел да се поедностави нивното добивање, во функција на работењето на стопанските субјекти.

Надзорот над вршењето на јавните овластувања го врши министерството надлежно за соодветната област.

За вршење на јавните овластувања од ставот 1 на овој член, Комората поднесува годишен извештај до министерството надлежно за соодветната област.

Член 7

Комората издава уверенија, потврди и други исправи за прашања од својата дејност за кои води евиденција и потврдува одредени факти кои нејзините членови ги користат во своето работење во земјата и во странство.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО КОМОРАТА

Член 8

Членови на Комората можат да бидат субјектите од членот 1 став 2 на овој статут.

Членството во Стопанската комора на Северна Македонија се стекнува со потпишување барање за членство - пристапница, која се доставува до соодветното здружение по дејност, односно регионална комора или друг облик на организирање и работење во согласност со овој статут.

Субјектот што станал член на Комората е должен редовно да ја плаќа членарината.

Член 9

Во остварувањето на активностите, целите и задачите во врска со членувањето во Комората, членовите на Комората, непосредно преку облиците на организирање и работење или посредно преку органите на Комората, имаат право и обврска, особено:

- да управуваат со работите на Комората, да ги избираат органите на Комората и да вршат надзор над нивната работа;
- да покренуваат иницијативи за донесување и да изградуваат мислења по предлози на закони и други прописи и мерки од областа на стопанството, развојната и економската политика;
- да користат потребна стручна и друга помош во врска со нивното работење, како и услугите што ги врши Комората;
- меѓусебните спорови и случаите на повреди на добрите деловни обичаи во работењето, првенствено да ги решаваат пред судовите при Комората;
- во своето делување во рамките на коморската организираност и активности да се придржуваат кон одредбите на овој статут, општите акти и одлуките на органите и на облиците на организирање и работење во рамките на Комората;
- да учествуваат во обезбедувањето средства за остварување на задачите на Комората, согласно потребите утврдени со програмите и одлуките на органите и на облиците на организирање и работење во рамките на Комората.

Член 10

Членството во Комората престанува:

- доколку правното лице - членот престане да постои;
- доколку правното лице - членот не ја плати членарината во соодветниот износ и рок утврден со одлука на Собранието на Комората;
- ако престане соработката, односно се изгуби контакт со членот повеќе од две години;
- доколку членот доброволно се откаже од членството;
- доколку Собранието на Комората го исклучи членот.

Член 11

Доколку членот престане да постои заради статусни промени (поделба, соединување), правниот наследник останува член на Комората, освен ако не ја извести Комората дека го откажува членството.

Правниот наследник е должен во рок од 30 дена да ја извести Комората за новата фирма и да ги достави сите потребни податоци, заради евидентирање на членството наместо членот кој престанал да постои.

Член 12

Членството во Комората престанува и членот се брише од евиденцијата на членки, доколку членката не ја плати членарината за шест месеци, или по истекот на две години од прекинот на секоја соработка со членката.

Член 13

Членот може да го откаже членството во Комората за што поднесува изјава за откажување од членство во писмена форма до Комората, најмалку 30 дена пред отакажувањето од членство.

Членот кој го откажал членството во Комората одговара за преземените обврски кон Комората сé до нивното извршување, независно од истекот на отказниот рок.

Член 14

Членот се исклучува од членството на Комората доколку:

- не ги почитува Статутот, одлуките на органите на Комората и на соодветната форма на организирање и работење во Комората;
- го повреди угледот на Комората во земјата и во странство;

Одлуката за исклучување на член ја донесува Собранието на Комората.

Членот кој е исклучен поради непочитување на Статутот, одлуките на органите на Комората и на соодветната форма на организирање и работење во Комората, може повторно да биде примен во членството на Комората, со одлука на Управниот одбор.

## IV. УПРАВУВАЊЕ СО КОМОРАТА И ОРГАНИ НА КОМОРАТА

Член 15

Членовите на Комората управуваат со Комората непосредно преку свои претставници во облиците на организирање и работење и други форми на организирање во рамките на Комората и посредно преку органите утврдени со овој статут или друг акт на Комората.

Член 16

Секој член на Комората самостојно го определува и овластува својот претставник во соодветниот облик на организирање и работење и другите форми на организирање во рамките на Комората.

Облиците на организирање и работење самостојно ги избираат нивните органи, на начин и според критериуми утврдени со нивните правила.

Облиците на организирање и работење во рамките на Комората вршат избор на нивните претставници во Собранието на Комората во согласност со овој статут, на начин утврден со одлука на Собранието на Комората.

Член 17

Претставниците во облиците на организирање и работење во рамките на Комората работат според насоките на членовите на Комората што ги определиле, а членовите на органите на Комората се одговорни пред облиците на организирање и работење што ги избрале.

Избраниот член во органите на Комората доколку не е во можност да присуствува на седниците на органите поради итни и неодложни работи, по исклучок може да овласти друго лице да го заменува.

Овластувањето од став 2 на овој член се врши со писмено полномошно дадено од страна избраниот член во органите на Комората.

Член 18

Органи на Комората се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Надзорен одбор и
- Претседател.

**1. Собрание на Комората**

Член 19

Собранието на Комората е највисок орган на Комората.

Собранието на Комората има 85 членови.

Членовите на Собранието на Комората се избираат за време од 5 години, со можност за повторен избор.

Членовите на Собранието се избираат од редот на членовите на Комората, со предлагање 60 членови од здруженијата според дејност, а 25 членови на предлог на Управниот одбор на Комората, при што начинот на избор и бројот на претставници ги определува Собранието со посебна одлука.

Член 20

Собранието на Комората:

- го донесува статутот на Комората и неговите изменувања и дополнувања;
- ја донесува годишната програма за работа и финансискиот план на Комората;
- го усвојува извештајот за спроведувањето на годишната програма за работа и финансискиот план на Комората;
- ја утврдува висината на членарината на Комората;
- ги утврдува здруженијата според дејности во рамките на Комората;
- го утврдува начинот на избор на органите на Комората, во согласност со статутот на Комората;
- го избира и разрешува претседателот на Комората;
- ги избира и разрешува замениците на претседателот на Комората;
- ги избира и разрешува потпретседателите на Комората;
- ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор;
- одлучува за престанок на Комората со двотретинско мнозинство;

- одлучува за начинот на здружување во посебните организациони облици согласно Законот и овој статут (здруженијата според дејност, регионалните комори и другите форми на организирање и работење);
- распишува избори и го утврдува начинот на избор на претставници (членови) во Собранието на Комората на предлог на здруженијата според дејност и на предлог на Управниот одбор на Комората;
- донесува други акти и нивни измени и дополнувања;
- врши контрола на работењето на Комората;
- врши други работи во согласност со овој статут и другите акти на Комората.

За вршење на одредени работи од својот делокруг, Собранието може да формира постојани или повремени работни тела.

Член 21

Собранието на Комората работи на седници.

Седниците на Собранието ги свикува и на нив претседава претседавач на Собранието. Претседавачот на Собранието се избира од членовите на Собранието, за време од 5 години.

Мандатот на член на Собранието може да престане во следните случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако биде отповикан заради непридржување на одредбите од Статутот и другите општи акти на Комората;
- ако не присуствува на седниците на Собранието подолг период;
- поради престанок на работата на правното лице - член на Комората од каде што бил избран;
- ако му престане работниот однос кај членот на Комората кај кој бил вработен за време на изборот.

Новиот член на Собранието во случаите на престанок на мандатот на член на Собранието определен во став 3 алинеја 1- 4 го определува соодветниот облик на организирање и работење што го делегирал членот во Собранието на кој му престанал мандатот поради наведените основи.

Членот на Собранието чија работа престанала по основ на став 3 алинеја 5 од овој член, го заменува друго лице од страна на правното лице - член на Комората, кое е избрано на соодветната функција кај членот на Комората.

Мандатот на членот на Собранието, избран по основ на став 3 од овој член, трае до истекот на мандатот на членот на Собранието, наместо кој е избран.

Собранието на Комората го верификува мандатот на членот на Собранието од претходниот став.

Член 22

Собранието одржува седници најмалку два пати во текот на календарската година, заради донесување на годишната програма за работа и финансискиот план, односно за усвојување на извештаите за извршувањето на истите, како и по потреба, по заклучок на Управниот одбор или на Надзорниот одбор, или по предлог на здружение според дејноста, односно другите облици на организирање и работење во Комората.

Член 23

Седниците на Собранието можат да се одржат со физичко присуство, по електронски пат или комбинирано.

Собранието на Комората може полноправно да работи доколку се присутни/вклучени мнозинството од вкупниот број членови на Собранието, а Статутот и другите акти ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Собранието може да одржува електронски седници или седници со комбинирано присуство со примена на средства за електронска комуникација, кои овозможуваат двонасочна или повеќенасочна комуникација, размена на податоци и информации, со можност за гласање или изјаснување по електронски пат.

Електронската комуникација се спроведува со примена на видеоконференциска врска, електронска пошта и други системи или платформи за електронска размена на податоци. Гласањето или изјаснувањето по електронски пат може да се спроведе преку стандардизирани/авторизирани технички решенија кои обезбедуваат евиденција на присутните, односно евиденција на членовите што се изјасниле, точност и видливост на резултатите од гласањето.

**2. Управен одбор на Комората**

Член 24

Управниот одбор на Комората е орган на управување на Комората.

Управниот одбор има претседател и 27 членови (вкупно 28 членови).

Претседател на Управниот одбор, по функција, е претседателот на Комората.

Членовите на Управниот одбор се избираат за време од 5 години, со можност за повторен избор, по предлог на претседателот на Комората.

Членовите на Управниот одбор, од својот состав избираат тројца потпретседатели на Управниот одбор, по предлог на претседателот, со задолженија за определени области во рамки на кабинетот на претседателот, на начин и во обем утврдени со акт на Управниот одбор.

На член на Управниот одбор може да му престане мандатот во следните случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако Собранието го отповика заради непридржување на одредбите од Статутот и другите општи акти на Комората;
- ако не присуствува на седниците на Управниот одбор подолг период;
- поради престанок на работата на правното лице - член на Комората од каде што бил избран;
- ако му престане работниот однос кај членот на Комората кај кој бил вработен во време на изборот, или ако престане основот по кој бил избран (престанок на вршење на одредена функција, односно должност кај правното лице - член на Комората).

Членот на Управниот одбор чија работа престанала по основ на став 6 алинеја 5 од овој член, може да го замени друго лице од страна на членот на Комората, кое е избрано на соодветната функција кај правното лице - член на Комората.

Мандатот на членот на Управниот одбор, кој го заменил членот чиј мандат

престанал по основ на став 6 од овој член, трае до истекот на мандатот на членот на Управниот одбор, наместо кој е избран.

Собранието на Комората го верификува мандатот на членот на Управниот одбор од претходниот став.

Член 25

Управниот одбор:

- ги подготвува седниците на Собранието на Комората;
- усвојува заклучоци за свикување седници на Собранието на Комората;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието на Комората;
- донесува одлуки во врска со спроведувањето на програмата за работа, финансискиот план и другите акти на Собранието на Комората;
- дава иницијативи и зазема ставови за донесување на закони и други прописи и акти кои се од интерес на членовите на Комората;
- ги именува претседателот, потпретседателите и другите членови на претседателството на Арбитражата;
- ги утврдува листите на арбитри на Постојаниот избран суд – Арбитража, по предлог на претседателството на Арбитражата;
- ги именува судиите на Судот на честа, претседателот и другите органи на Судот на честа;
- го именува и разрешува извршниот директор на Комората;
- ги донесува актите за организација, систематизација и делокруг на работа на Стручната служба на Комората, со коишто се уредува работењето на Стручната служба на Комората и раководењето со нејзиното работење, работниот однос на работниците и други општи акти на Стручната служба;
- го утврдува надоместокот за услугите на Комората при вршењето на јавните овластувања и за стручните и другите услуги што ги дава Комората;
- донесува други акти во врска со примената на Статутот на Комората, доколку прашањата не се во надлежност на Собранието на Комората;
- одлучува и врши други работи утврдени со Статутот на Комората или со актите донесени од Собранието на Комората.

За извршување одредени работи од неговиот делокруг, Управниот одбор може да формира постојани или повремени работни тела (комисии, работни групи и сл.).

Управниот одбор поднесува до Собранието на Комората извештаи за работењето на Комората и за својата работа, најмалку еднаш годишно.

Член 26

Управниот одбор работи на седници, што се одржуваат по потреба.

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Комората, во својство на претседател на Управниот одбор.

Член 27

Седниците на Управниот одбор можат да се одржат со физичко присуство, по електронски пат или комбинирано.

Управниот одбор може полноправно да работи доколку се присутни/вклучени мнозинството од вкупниот број членови на Управниот одбор, а актите за прашањата од својата надлежност ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Управниот одбор може да одржува електронски седници или седници со комбинирано присуство со примена на средства за електронска комуникација, кои овозможуваат двонасочна или повеќенасочна комуникација, размена на податоци и информации, со можност за гласање или изјаснување по електронски пат.

Електронската комуникација се спроведува со примена на видеоконференциска врска, електронска пошта и други системи или платформи за електронска размена на податоци. Гласањето или изјаснувањето по електронски пат може да се спроведе преку стандардизирани/авторизирани технички решенија кои обезбедуваат евиденција на присутните, односно евиденција на членовите што се изјасниле, точност и видливост на резултатите од гласањето.

### 3. Надзорен одбор на Комората

Член 28

Надзорниот одбор на Комората има претседател и 6 членови (вкупно 7 членови), кои се избираат од редот на претставниците на членовите на Комората. За членови на Надзорниот одбор може да бидат избрани и експерти во областа на материјално-финансиското работење.

Членовите на Надзорниот одбор се избираат за време од 4 години, без право на повторен избор.

Членовите на Надзорниот одбор се избираат по предлог на претседавачот на Собранието, врз основа на доставени предлози од облиците на организирање и работење во рамки на Комората.

Член на Надзорниот одбор не може да биде: претседателот, заменик-претседателот, потпретседателите, извршниот директор, член на Управниот одбор и лица со конфликт на интереси.

Член 29

Надзорниот одбор врши надзор над законитоста, материјално-финансиското работење, имотот и правилноста на работата на Комората и за утврдената состојба го известува Собранието на Комората најмалку еднаш годишно.

Надзорниот одбор врши контрола врз наплатата на членарината.

Надзорниот одбор е должен најмалку еднаш годишно да спроведе постапка за ревизија од независно ревизорско друштво.

### 4. Претседател на Комората

Член 30

Претседателот на Комората ја застапува и претставува Комората, раководи со нејзините работи и ги извршува одлуките и заклучоците на другите органи на Комората и е одговорен за законитоста на работењето на Комората.

Претседателот на Комората во вршењето на работите од став 1 на овој член донесува одлуки и презема мерки и активности во согласност со статутот,

програмата за работа и финансискиот план, односно со одлуките, заклучоците и другите акти на другите органи на Комората.

Претседателот на Комората се избира за време од 5 години, со можност за уште еден мандатен период.

Член 30а

Комората има еден или повеќе заменици на претседателот, кои го заменуваат претседателот во вршењето на работите од член 30 став 1 на овој статут, на начин и во обем определен со акт на претседателот на Комората.

Замениците на претседателот на Комората се избираат на предлог на претседателот на Комората.

Замениците на претседателот на Комората се избираат за време од 5 години, со право на повторен избор.

Член 31

Комората има еден или повеќе потпретседатели.

Потпретседателите на Комората се избираат на предлог на претседателот на Комората.

Претседателот на Комората во вршењето на работите од член 30 став 1 на овој статут го заменуваат потпретседателите на Комората, на начин и во обем определен со акт на претседателот на Комората.

Потпретседателите на Комората се избираат за време од 5 години, со право на повторен избор.

## V. ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

### 1. Здружение според дејност

Член 32

Здружение според дејност, односно дејности е стручен облик на организирање и работење во рамките на Комората преку кој членовите на Комората самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес за соодветната дејност, односно дејности.

Член 33

Здружението според дејност, односно дејности се организира од членовите на Комората распоредени во определена дејност, односно дејности на стопанството.

Собранието на Комората го утврдува вкупниот број на здруженијата во рамките на Комората.

Секој член на Комората непосредно се поврзува во едно здружение, во зависност од регистрираната дејност која е доминантна во неговото работење, односно според интересот што се остварува во соодветното здружение.

Секој член на Комората, доколку има интерес, покрај во матичното здружение, може да се поврзе и да учествува во работата и на друго здружение.

Член 34

Членовите на Комората учествуваат во работата на здружението преку свои постојани или повремени претставници.

Здружението работи на пленарни седници, на кои можат да учествуваат претставниците на сите членови на здружението.

Член 35

Здружението според дејноста работи непосредно на остварувањето на целите и задачите на членувањето во Комората, а особено:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста;
- иницира или утврдува мерки, планови и програми за развој на дејноста;
- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста;
- усвојува заклучоци и предлага мерки од интерес на дејноста, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- ги согледува и утврдува заедничките интереси на членовите на Комората од дејноста, како и пројавените спротивности во однос на други дејности и дава предлози за нивно усогласување, односно надминување;
- покренува иницијативи за донесување и разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од интерес на членовите на Комората од соодветната дејност и стопанството во целина;
- иницира и остварува соработка по прашања од заеднички интерес, со членовите на Комората од други здруженија во рамките на Комората и меѓународна економска соработка, во согласност со програмските активности и општите акти на Комората;
- врши други работи од интерес на членовите, во рамките на надлежностите на Комората.

Секое здружение донесува правила со кои се уредува начинот на работењето, раководењето и начинот на избор на органите на здружението, во согласност со одредбите на овој статут.

Член 36

Заради координирано дејствување по прашањата од заеднички интерес, здруженијата можат да одржуваат заеднички седници.

Доколку за некое прашање од заеднички интерес на здруженијата не се постигне согласност на две или повеќе здруженија, тоа прашање, заради конечно заземање став, се упатува до Управниот одбор на Комората, со образложени ставови на соодветните здруженија.

**2. Регионална комора**

Член 37

Регионалната комора е облик на територијално организирање и работење во рамките на Комората преку чие функционирање се обезбедува разгледување и на прашања од особено значење за регионот за чие подрачје е организирана и нивно доставување до органите на Комората.

Регионалната комора може да се организира за две или повеќе општини, а одлука за нејзино организирање и дејствување се донесува врз основа на поднесена иницијатива од одделни стопански субјекти – членови на Комората од соодветниот регион за кој е организирана.“

**3. Други форми на организирање и работење**

Член 38

Во рамките на Комората може да се организираат и да дејствуваат групации, секции, одбори, клубови, совети, асоцијации и други форми на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфични интереси во рамките на одредено подрачје, дејност и слично, во согласност со овој статут.

Одлука за организирање и за дејствување, односно за начинот на обезбедување средства за работа на формите на организирање и работење од став 1 на овој член може да донесе Управниот одбор на Комората, доколку се работи за нивно организирање на ниво на Комората, здружение според дејноста, односно регионална комора, доколку се работи за нивно организирање на ниво на дејност, односно на регионална комора, или одделни стопански субјекти - членови на Комората, доколку се работи за нивни специфични посебни интереси.

## VI. ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

Член 39

Комората има извршен директор, кој ја застапува Комората во имотните и други правни работи, раководи и ја организира работата на Стручната служба на Комората, донесува одлуки во врска со работниот однос на работниците во Стручната служба и во извршувањето на општите акти на Стручната служба и врши други работи во согласност со општите акти и одлуките на органите на Комората.

Извршниот директор го организира подготвувањето и одржувањето на седниците на Собранието и на Управниот одбор на Комората.

Член 40

Стручните, административно-техничките, помошните и други работи за потребите на Комората ги врши Стручната служба на Комората.

Стручната служба ги врши административно-стручните работи во врска со подготовката и спроведувањето на Статутот, одлуките, заклучоците и другите акти на органите и на облиците на организирање и работење во рамките на Комората и на законските и други прописи што се однесуваат на дејноста на Комората.

Стручната служба подготвува информации, анализи, нацрти на општи и други акти за потребите на Комората, предлози за донесување и мислења по предлози на закони и други прописи од областа на стопанството, мислења и предлози на актите во кои се утврдуваат ставовите на Комората во врска со економската политика на национално, регионално и локално ниво. Вработените во Стручната служба имаат посебна одговорност за односот кон податоците кои се прибираат од фирмите во поглед на нивното користење и објавување.

Стручната служба на Комората обезбедува деловни информации, податоци, стручни совети, сугестии и сл., со кои се помага работењето на членовите на Комората. Стручната служба услугите ги врши првенствено за членовите на Комората, како и за домашни и странски правни и физички лица кои не се членови.

Стручната служба во вршењето на своите работи соработува со стручните служби на членовите на Комората, со научни, стручни и други институции во земјата и во странство.

## VII. СОРАБОТКА НА КОМОРАТА СО ДРУГИ СУБЈЕКТИ

Член 41

Во рамките на активностите, целите и задачите утврдени со закон и овој статут, Комората соработува со надлежните државни органи, органите на локалната самоуправа и со други институции, особено при утврдувањето на стопанскиот систем, развојната и економската политика, покренувањето иницијативи за донесување на закони и други прописи од областа на стопанството, подготовката на законските и другите прописи од областа на стопанството и други прашања од интерес на стопанството.

Член 42

Комората соработува со стопанските комори во Република Северна Македонија, со стопанските комори на други држави и со национални и меѓународни стопански организации и асоцијации и други институции во странство, преку институционализирани и други форми на соработка, заради унапредување на стопанската соработка и развивање на економските односи со странство.

Соработката со коморите и другите асоцијации и институции во странство се остварува преку непосредни контакти, размена на информации, мешовити комори, бизнис-совети, заедничко организирање на општостопанска и туристичко-информативна пропаганда, саеми, изложби и други промоциски активности, бизнис-посети, воспоставување надворешно-трговска мрежа, деловно поврзување и информирање и слично.

Член 43

Врз основа на потребата од взаемна соработка и интересот на членовите, Комората може да членува во разни национални и меѓународни стопански комори и други национални и меѓународни стопански организации, асоцијации или институции.

Член 44

За заедничко унапредување на својата работа и активности, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, за остварување на други прашања од заеднички интерес, за обезбедување единствен професионален интерес на стопанските комори и другите облици на поврзување на стопанските субјекти во односите со државните органи и со меѓународната заедница, стопанските комори можат да склучат договор за соработка, во кој ќе се дефинираат целите на соработката.

## VIII. ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА

Член 45

Општи акти на Комората се: Статутот, правилници, одлуки, заклучоци, препораки, ставови и мислења и други општи акти, што, во согласност со закон и овој статут, ги донесуваат Собранието, Управниот одбор и другите органи, извршниот директор и облиците на организирање и работење во рамките на Комората.

Член 46

Предлог за донесување на Статутот на Комората, односно за негови изменувања и дополнувања може да утврди Управниот одбор, а иницијатива за нивно донесување може да поднесе Надзорниот одбор, претседателот на Комората и облиците на организирање и работење во рамките на Комората.

Управниот одбор на Комората го утврдува текстот на нацртот на статутот, односно на одлуката за изменување и дополнување на Статутот и го утврдува начинот на водење и времето на траење на јавната расправа.

Член 47

Статутот на Комората се објавува на веб-порталот на Комората, во рок од три дена од денот на неговото донесување. Статутот на Комората влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Другите општи акти на Комората се објавуваат на електронска огласна табла во Комората, во рок од три дена од денот на нивното донесување и влегуваат во сила од денот на нивното објавување.

## IX. ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА ПРИ КОМОРАТА

Член 48

При Комората постои Постојан избран суд - Арбитража, како независен орган.

Член 49

Постојаниот избран суд - Арбитража може да решава за меѓусебните деловни спорови меѓу членовите на Комората, меѓу членови на Комората и трети

лица, како и меѓу други правни лица од земјата и од странство, ако странките ја договорат надлежноста на овој суд.

Одлуките на Постојаниот избран суд - Арбитража се конечни и имаат сила на правосилна пресуда.

Член 50

Надлежноста, составот и организацијата на Постојаниот избран суд - Арбитража и постапката по предметите од неговата надлежност се уредуваат со општ акт што го донесува Собранието на Комората.

## X. СУД НА ЧЕСТА ПРИ КОМОРАТА

Член 51

При Комората постои Суд на честа, како независен орган.

Судот на честа одлучува за случаи на повреди на добрите деловни обичаи во работењето, како и за случаи на повреди со кои се нарушуваат принципите на пазарното стопанство, за случаи на неизвршување на обврските на членовите на Комората и за други повреди на одредбите на овој статут и другите акти на органите, телата и облиците на организирање и работење на Комората од страна на членовите на Комората, доколку со закон или друг пропис за одделна повреда не е утврдена надлежност на друг орган.

Како повреди на добрите деловни обичаи се сметаат, особено:

- постапките на членовите на Комората со кои, спротивно на добрите деловни обичаи, се нанесува штета на граѓанин, на правно лице или на Република Северна Македонија, општините, односно градот Скопје;
- злоупотреба во прометот на стоки;
- нелојална конкуренција;
- спогодување со цел за постигнување монополска и други повластени положби на пазарот;
- ставање во промет стоки без декларација или со неточна декларација;
- неосновано одбегнување да се исполнат договорените обврски;
- некоректен однос спрема потрошувачите;
- лошо вршење на услугите или одбивање да се постапи по рекламација на потрошувачите;
- нелојална реклама;
- склучување фиктивни договори и
- други повреди што може да се сметаат за повреди на деловните обичаи.

Член 52

За сторените повреди на добрите деловни обичаи и на одредбите од Статутот и на другите акти на Комората, Судот на честа може да изрече:

- опомена или
- јавна опомена, со објавување во медиумите.

Член 53

Надлежноста, составот и организацијата на Судот на честа, начинот на избор и разрешувањето на неговите членови и постапката по предметите од негова надлежност, како и надлежноста, изборот и разрешувањето на обвинителот се уредуваат со општ акт што го донесува Собранието на Комората.

## XI. ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА КОМОРАТА

Член 54

Работењето на Комората е јавно.

Јавноста на работењето на Комората непосредно се обезбедува преку отвореноста и можноста за присуство на седниците на органите, облиците на организирање и работење на Комората и другите состаноци во рамките на Комората.

Органиите и облиците на организирање и работење на Комората и нивните тела, можат да ја исклучат или ограничат јавноста на нивните седници и состаноци, кога тоа го наложува општиот интерес или кога се разгледуваат документи и информации од доверлива природа.

Јавноста се обезбедува и преку давање информации на членовите на Комората за нивната работа; објавување на одлуките на органите на Комората на начин определен со овој статут; издавање брошури, списанија и други печатени и електронски изданија; доставување посебни информации до членовите на Комората и до надлежните, односно заинтересираните субјекти и преку други форми утврдени со одлука на органот, односно обликот на организирање и работење во рамките на Комората во чијшто делокруг се работите за кои е утврдена потребата од обезбедување на овој вид јавност во работењето.

Јавноста се обезбедува и преку соработка со средствата за јавно информирање, на начин и под услови според кои се остварува целосно, независно и објективно информирање за работењето на Комората.

Член 55

Комората може да има свое гласило, кое се издава во печатена или во електронска форма.

Комората може да издава постојани или периодични билтени, прегледи, списанија и други средства за известување, преку кои обезбедува информирање на членовите и на јавноста.

Член 56

Комората редовно ги информира своите членови за одлуките, ставовите, предлозите и мислењата од значење за членките, усвоени на седниците на органите и облиците на организирање и работење во рамките на Комората.

Член 57

Органот на Комората што ги донесува, усвојува или издава актите или исправите, го определува степенот на тајноста (доверливоста) на исправите или одделни податоци што претставуваат тајна согласно закон или актите на

Комората, ако нивното соопштување на неовластено лице, поради нивната природа и значење, би било спротивно на интересите на членовите на Комората, односно на земјата.

Членовите на органите и телата на Комората и вработените во Стручната служба се должни да ги чуваат како деловна тајна сите известувања и податоци кои се однесуваат на работењето на членките и на Стопанската комора на Северна Македонија, а имаат статус на доверливи, односно со посебен акт се утврдени како деловна тајна.

Лицето кое дава податоци и информации во врска со работата на Комората е одговорно за нивната вистинитост и точност.

## XII. ИМОТ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА

Член 58

Недвижностите и предметите од трајна вредност како дел на имотот на Комората не можат да бидат отуѓени, ставени под залог или отстапени без надомест, освен во случаи кога се работи за решенија со кои се зголемува нивната вредност и функционалност, за што одлучува Собранието на Комората.

Член 59

Средствата за работа на Комората се обезбедуваат од:

- членарина што ја плаќаат нејзините членови;
- наплата од извршени услуги;
- донации и спонзорства;
- проектни активности
- надомест за вршење јавни овластувања;
- наменски фондови и
- други извори.

Висината на членарината, начинот и роковите за нејзиното плаќање, можноста, условите и критериумите за ослободување од плаќање на членарината ги утврдува Собранието на Комората.

Висината на наплатата за извршените услуги на Комората во вршење на јавни овластувања ја утврдува Управниот одбор на Комората, по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Член 60

За извршување на одредени работи од нивни интерес кои не се финансираат со Финансискиот план на Комората, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, одделни членови на Комората можат да здружуваат средства или да основаат фондови со посебна намена во рамките на Комората, со кои членовите располагаат самостојно, согласно актот за нивното здружување и општите акти на Комората.

Член 61

Средствата што се уплатуваат на име депозит, односно надомест за спорови што се водат пред Постојаниот избран суд - Арбитража и Судот на честа, како и во други случаи утврдени со закон или општ акт на Комората, се користат согласно општите акти со кои се уредува нивната уплата.

## XIII. ПРЕСТАНОК НА КОМОРАТА

Член 62

Комората престанува во случај на ликвидација или стечај.

Одлука за престанок на Комората, на еден од начините за престанок определени во став 1 од овој член донесува Собранието на Комората, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

Во случај на поведување постапка за престанок на Комората (стечај или ликвидација), Собранието на Комората донесува одлука за постапувањето со имотот и средствата што останувaат по намирувањето на обврските на Комората.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

**Преодни и завршни одредби согласно Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 07-1177/6 од 20.04.2011 година**

Со денот на влегувањето во сила на овој статут, престануваат да важат Статутот на Стопанската комора на Македонија бр.07-1018/4 од 10.3.2005 година и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 07-1863/8 од 21.6.2007 година.

Органите на Комората (Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и претседател), избрани согласно Законот за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 89/2004), Статутот на Стопанската комора на Македонија бр.07-1018/4 од 10.3.2005 година и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 07-1863/8 од 21.6.2007 година, ќе ги вршат своите функции до истекот на нивниот мандат согласно одредбите од Статутот на Комората врз основа на кои се донесени одлуките за нивниот избор.

Претставниците во облиците на организирање и работење на Комората именувани или избрани согласно Законот за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 89/2004), Статутот на Стопанската комора на Македонија бр.07-1018/4 од 10.3.2005 година и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 07-1863/8 од 21.6.2007 година, ќе ги вршат своите функции до истекот на нивниот мандат согласно одредбите од Статутот на Комората и правилата за организација и начин на работа врз основа на кои се донесени одлуките за нивното именување или избор.

Започнатите постапки пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно Законот за Стопанската комора на Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 89/2004), Статутот на Стопанската комора на Македонија бр.07-

1018/4 од 10.3.2005 година и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 07-1863/8 од 21.6.2007 година и актите на Постојаниот избран суд – Арбитража, донесени во согласност со наведениот Закон и Статут во овој став.

* * *

**Преодни и завршни одредби согласно Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 02-1770/5 од 26.12.2019 година**

Избраните органи (Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и претседател) и избраните лица на определени функции (потпретседатели, извршен директор), избрани согласно Законот за стопанските комори („Службен весник на РМ“ бр. 17/2011), и Статутот на Стопанската комора на Македонија бр.07-1177/6 од 20.04.2011 година, чиј мандат е во тек во моментот на влегување во сила на оваа одлука, ќе ги вршат своите функции до конституирањето односно изборот на новите органи и лица на определени функции согласно одредбите од Статутот на Комората и оваа одлука.

Изборот на органите, телата или носителите на функции на Стопанската комора на Македонија во согласност со измените и дополнувањата на Статутот на Комората, утврдени со оваа одлука, ќе се изврши во рок не подолг од 90 дена од конституирањето на новиот состав на Собранието на Стопанската комора на Македонија.

Постојните регионални комори кои се активни и кои ќе изразат волја да продолжат да функционираат, во рок не подолг од 60 дена од влегувањето во сила на оваа одлука, се должни до претседателот на Комората да достават одлука донесена на пленарна седница на регионалната комора за продолжување на нејзиното функционирање, а начинот и актите за натамошна работа да го усогласат со Статутот и оваа одлука.

* * *

**Преодни и завршни одредби согласно Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 02-256/3 од 01.03.2021 година**

Актите на Стопанската комора на Македонија (правилници, правила, одлуки, решенија, договори, меморандуми, процедури, упатства, наредби, препораки, мислења, заклучоци и други акти), донесени врз основа на Статутот на Стопанската комора на Македонија бр. 07-1177/6 од 20.04.2011 година и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Стопанската комора на Македонија, бр. 02-1770/5 од 26.12.2019 година, остануваат во сила и по донесување на Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија (Пречистен текст), бр. 02-256/4 од 01.03.2021 година, како акти на Стопанската комора на Северна Македонија, сè додека не престане нивната важност согласно рокот на важноста за кој се донесени или додека не престане нивната важност со друг акт со еднаква правна сила.

Со влегувањето во сила на овој пречистен текст на Статутот кој ги опфаќа Статутот на Стопанската комора на Македонија, бр. 07-1177/6 од 20.04.2011

година и Одлуките за изменување и дополнување на Статутот бр. 02-1770/5 од 26.12.2019 година и бр. 02-256/3 од 01.03.2021 година, престанува да важи пречистениот текст на Статутот бр. 02-1770/8 од 26.12.2019 година, кој ги опфаќа Статутот на Комората бр. 07-1177/6 од 20.04.2011 година и Одлуката за негово изменување и дополнување бр. 02-1770/5 од 26.12.2019 година.

Член 64

Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија (пречистен текст) се објавува на веб-порталот на Комората, во рок од три дена од денот на неговото донесување и влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

Со денот на влегување во сила на овој пречистен текст на Статутот, престанува да важи Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија (Пречистен текст), бр. 02-256/4 од 01.03.2021 година.

Бр. 02-598/4
29.04.2021 година
С к о п ј е

Претседавач,
Антони Пешев, с.р.